# Работна средба на Проектот за експанзија на мали бизниси

На ден 02.04.2013 (вторник) во Дирекцијата на АПРЗ – Битола беше организирана работна средба за Проектот за експанзија на мали бизниси финансиски поддржан од УСАИД.

Во рамките на проектните активности на работната средба пред советниците од АПРЗ и 25 фармери од Пелагонија беше изложена темата за одгледување на пченка со капка-по-капка системи.




На идентификуваните фармери во текот на наредните 4 години Проектот ќе им обезбеди системи капка-по-капка за по 1 хектар, како пилот полиња со цел да се види дали приносите на пченка ќе можат да се зголемат од 10 тони на хектар до 17 тони по хектар.

Во текот на проектните активности учество ќе земат советниците од АПРЗ, пред се во насока на зголемување и зајакнување на капацитетите како и за одржливост на проектните активности.